МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
## од спроведени консултации по Законот за изменување и дополнување на предлог Законот за енергетика

Земајќи ја во предвид потребата и обврската за усогласување на Законот за енергетика со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Министерството за економија изготви предлог текст на Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика во правец на усогласување на одредбите од истиот со законското решение предложено со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
Исто така со предметниот предлог текст на Законот се вршат допрецизирање на одделни делови од Законот со што се допрецизираат оедени услови за поедноставување за имплементација на истиот.
Со предметниот предлог се прави дополнување, односно се предвидува пропишувањето на формата и содржината на барањето за овластување за изградба или реконструкција на објектите да се однесува за сите видови објекти, со што се овозможува поголема транспрантност и пропишување на образецот за сите типови енергетски објекти како и усогласување со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
Во делот на нафтата и нафтените деривати се прави прецизирање во правец на тоа дека потрошувачите кои набавуваат нафтени деривати или горива за транспорт од странство за сопствени потреби, при увозот на царинскиот орган доставуваат изјава дека набавените нафтени деривати или горива за транспорт ќе ги користат исклучиво за сопствени потреби. Исто така се пропишува дека формата и содржината на изјавата ја пропишува министерот надлежен од обласга на енергетиката. Исто така се врши допрецизирање и во однос на тоа дека квалитетот на нафтените деривати и горивата за транспорт се потврдува со изјава за сообразност што производителите или трговците на големо на дериватот или горивото за транспорт, која наместо да ја обезбедуваат од акредитирана лабораторија сега се пропишува дека се издава врз основа на извештај од испитувањата на течните горива извршен во акредитирана лабораторија.
Во делот на енергетската ефикасност се врши допрецизирање во делот на енергетската ефикасност, посебно во делот на обврските за унапредување на енергетската ефикасност за лицата од јавниот сектор кои се должни да ја следат и управуваат со потрошувачката на енергија во зградите или градежните единици во кои што ја вршат дејноста, додека единиците на локалната самоуправа, дополнително, се должни да ја следат и управуваат со потрошувачката на енергија во јавното осветлување на начин на кој се остварува енергетската ефикасност и заштеда на енергија. Во правец на создавање услови за имплементација на Законот, се предлага и допрецизирање со цел олеснување на постапките за добивање на овластување за енергетски контролори, спроведување на обуки и полагање на испити за енергетски контролори и обуки за усовршување на енергетските контролори, врз основа на програмата за обука и полагање на испити и програмата за усовршување на енергетските контролори, како и признавање на овластување или други соодветни документи за енергетски контролор

издадени од други држави. Исто така, се предвидува издавање на лиценци за вршење на енергетска контрола на трговци поединци или правни лица, како и признавање на лиценци или други соодветни документи за вршење на енергетска контрола издадени од други држави.

Со законот се вршат и допрецизирања во делот на прекршочните одредби со кои се додава прекршочна санкција за попречување на дистрибутерот на соодветниот вид на енергија ако корисникот на енергетски систем не дозволи пристап до секој имот или објект до мерниот уред.

Согласно горенаведеното, Министерството за економија изготви Предлог текст на Законот за изменување и дополнување на Законот енергетика. За Предметниот Закон се изготви и Образец 1-План за спроведување на проценка на влијанието на регулативата и Образец број 2 Иницијална проценка на влијание на регулативата..

Предметниот Закон со образложение и РИА со писмен допис беше доставен до следните институции:

- Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Кабинетот на Заменик претседателот на владата задолжен за европски прашања, Кабинетот на Заменик претседателот на владата задолжен за спроведување на рамковниот договор,
- Министерството за финансии,
- Министерство за животна средина,
- Министерство за тарнспорт и врски,
- Миниастерството за информатичко општество,
- Министерство за труд и социјална политика,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Министерството за правда,
- Секретаријат за законодавство,
- Агенција за енергетика,
- Регулаторна комисија за енергетика,
- Државниот пазарен инспекторат,
- Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати,
- Комисија за заштита на конкуренцијата,
- Царинска управа,
- Енергетски претпријатија вршители на енергетски дејности,
- Факултети и стопански комори.

Согласно предметниот допис, од надлежните институции се побара своето мислење по предлог Законот да го достават до Министерството за економија најдоцна до 06.07.2012 година.

Исто така Министерството за економија предметниот Закон со РИА обрасците ги објави на Електронски национален регистар на прописи (ЕНЕР) и на веб страната на Министерството за економија. До Министерството за економија пристигнати се следните мислења, и тоа:

1. ***Агенција за енергетика***

***Мислење***: Агенцијата за енергетика нема забелешки по предлог Законот

*2. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
***Мислење***: Министерството нема забелешки по предлог Законот, и дава позитивно мислење.

*3. Министерство за животна средина и просторно планирање*
***Мислење***: Министерството нема забелешки по предлог Законот, и дава позитивно мислење.

*4. Министерство за финансии*
***Мислење***: Министерството за финансии нема забелешки по предлог Законот.

*5. Секретаријат за еевропски прашања*
***Мислење***: Секретаријатот нема забелешки по предлог Законот, дава препорака во обрзложението да се дополни аспектот за приближување кон европското законодавство.и дава позитивно мислење.

*6. Комисија за заштита на конуренцијата*
***Мислење***: Комисијата нема забелешки по предлог Законот.

*7. Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати*
***Мислење***: Дирекцијата нема забелешки по предлог Законот.

8. *Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сосптевнот*
***Мислење***: МЕР нема забелешки по предлог Законот.

*9. Министерство за правда*
***Мислење***: Министерството има забелешка само во делот каде се менува член 190, став (12), односно се укажува дека распонот на глобата треба да биде 1:0.
*Образложение:* Постапено. Согласно забелешките Министерството за економија во членот 190 став (12) наместо предложените 1000 до 3000 евра направи измена и сега се пропишува од 1000 до 2000 евра.

*10. Секретаријат за спроведување на Рамковниот договр*
***Мислење***: Секретаријатот има укажување да се почитува уставното начело за правична и соодветна застапеност, конкретно за Комисијата од член 53 од Законот. Исто така се предлага согласно Амандманот V од Уставот на Република Македонија при доставување на фактурите на правните лица овластени за дистрибуција на електрична енергија , природен гас, сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и топлинска енергија фактурата освен на македонски да биде и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните.
*Образложение:* Во однос на првата забелешка е постапено и Министерството за економија во членот 53 соодветно ги вгради забелешките. Во врска со укажувањето за употребата на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, информираме дека овие измени не треба да бидат дел од Законот за енергетика земјаќи во предвид дека има посебен ex specials Закон за употреба на јазик што го

зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локаната самоуправа.

*11. Министерство за информатичко општество и администрација*

***Мислење***: Министерството за иинформатичко општество и администрација во своето мислење укажува дека Министерството за економија Предлог Законот со РИА обрасците треба да биде објавен и на веб страната на Министерството за економија. Исто така се укажува да се изготви и Извештај од извршени консултации кој треба да биде објавен на ЕНЕР и на веб страната на Министерството. Министерството за информатичко општество и администрација смета дека Предлог Законот по комплетрирање со пропишаните прилози и поставување на истиот на веб страната на Министерството и на ЕНЕР ќе може да биде доставен на разгледување до Владата.

***Образложение:*** Постапено, Министерството за економија укажува дека предлог Законот со РИА обрасците кога се достави на мислења до надлежните институции се објави и на ЕНЕР. Согласно укажувањата истиот беше објавен и на веб страната на Министерството. Во однос на Извештајот, Министерството изготви Извештај за извршени консултации и истиот е објавен на ЕНЕР и на веб страната на Министерството.

*12. Државен пазарен инспекторат*

***Мислење***: Инспекторатаот нема поголеми забелешки на предложените измени, се предлага допрецизирање во делот на сопствени потреби и оперативни резерви.

***Образложение:*** Постапено, Министерството за економија соодветно ги вгради забелешките во предлог текстот.

*13. АД ЕВН МАКЕДОНИЈА*

***Мислење***: АД ЕВН даваат забелешки во врска со пропишување на право на операторот на дистрибутивниот систем да поднесува прекршочна пријава како и регулирање на обезбедување на личните податоци на корисникот на системот за енергија и природен гас.

***Образложение:*** Во врска со првата забелешка не е постапено согалсно следните причини, и тоа: Во делот кој се однесува на правото на операторот на дистрибутивниот систем да поднесува прекршочна пријава укажуваме дека согласно Законот за прешоци прекршочна постапка се поведува по барање на овластен орган и оштетен. Согласно предметниот Закон овластени органи се органите на државната управа, јавниот обвинител, органите на единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓа непосредното извршување или надзор над извршувањето на законите во кои се предвидени прекршоци. АД ЕВН во тој случај е оштетено лице и во предметниот Закон за прекршоци е уредена постапката на поднесување барање за поведување на прекршона постапка во глава седумнаесет “Оштетениот и неговото застапување”. Согласно член 75, судот ќе го прифати барањето од оштетениот за поведување прекршочна постапка, ако е проследено со писмено барање до надлежниот орган, со докази дека го пријавил прекршокот и барал од надлежен орган да постапи по барањето и ако во рок од 30 дена од таквото барање

од надлежниот орган добил негативен одговор или не добил одговор.Земајќи го во предвид изнесеното, сметаме дека АД ЕВН како оштетен има право во согласност со пропишананата постапка во Законот за прекршоци да поднесува прекршочна пријава, и истото нема да се предвиди и во Законот за енергетика.

Во однос на втората забелешка е постапено и Министерството за економија во врска со предлогот за лични податоци на 16.07. 2012 година иницијативата ја достави до Дирекцијата за заштита на лични податоци, и доколку се добие позитивно мислење истото соодветно ќе се вгради во предлог текстот. По однос на истат беше доставено Мислење од Дирекцијата кое соодветно се вгради во текстот.

***14. АД МЕПСО***

***Мислење:*** АД МЕПСО нема забелешки во однос на Предло законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика, меѓутоа даде предлог за изменување на неколку решенија во однос на постојниот Закон за енергетика и тоа: раздвојување на лиценците за пренос на електрична енергија во две лиценци и тоа пренос на електрична енергија и лиценца за управување со електропреносниот систем; понатаму воведување на балнасна одговорност за повластени производители-ветерни електрани со инсталирана моќност над 1 MW, тарифата за пазар на електрична енергија да не се утврдува одделно туку да биде дел од тарифата за пренос на електрична енергија; процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија да се реализира по напонско ниво; да се воведе обврска за производителот кој има обврска за обезбедување на јавна услуга до 31 декември 2014 година да ги обезбеди ќе обезбедува системски услуги, оперативна резерва и енергија за урамнотежување за потребите на операторот на електропреносниот систем; и енергетскиот биланс на Република Македонија наместо за наредните пет години да се однесува за наредните три години.

***Образложение:*** Согласно Заклучокот на Владата на Република Македонијаод 31-та седница одржана на 13 декември 2011 година во Предлог Законот за енергетика е уредено дека повластените производители кои имаат инсталирана моќност над 5 MW имаат балансна одговорност и обврска да доставуваат податоци за предвиденото производство на електрична енергија.

Во однос на раздвојување на лиценцата за пренос на електрична енергија на две лиценци од кои едната е пренос на електрична енергија а другата е управување со електропреносниот систем не е земено во предвид поради следното: Согласно Директивата 2003/54/ЕС за внатрешен пазар на електрична енергија пренос на електрична енергија е дефиниран како транспорт на електрична енергија низ високонапонскиот преносен систем и интерконектираниот систем со цел за нејзина испорака до купувачите и опертаорите на дистрибутивните системи и не вклучува снабдување со електрична енергија, додека оператор на преносниот систем е правно или физичко лице кое управува со преносниот систем, го одржува и го развива доколку е ппотребно развива интерконекции со другите системи обезбедува долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренесување на електрична енергија. Барањето да се раздвојат лиценците дополнително ќе придонесе за зголемување на трошоците доколку се има во предвид член 5 став (5), (6) и (7) од Законот за енергетика кој уредува дека во случај кога правното лице врши една или повеќе регулирани енергетски дејности

или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, должно е да води сметководствена евиденција за секоја регулирана енергетска дејност одделно. За нерегулираните енергетски дејности или за другите дејности правното лице може да води консолидирана сметководствена евиденција.Правното лице кое врши регулирана енергетска дејност е должно до Регулаторната комисија за енергетика да доставува годишни ревидирани финансиски извештаи и истите да ги објавува на својата веб страница. Финансиските извештаи се изготвуваат, доставуваат и објавуваат за секоја регулирана енергетска дејност одделно, а за нерегулираните енергетски и другите дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде консолидиран. До стапување на сила на Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија број 16/2011 и 136/2011) АД МЕПСО беше носител на две лиценци и тоа за пренос на електрична енергија и за управување со електроенергетксиот систем. Ова Решение беше предложено во периодот од 2005 година кога започна реструктуирањето на вертикално интегрираното претпријатие Ад Електростопанство на Македонија каде што беше воведен модел на единствевн купувач и дејноста ја вршеше АД МЕПСО. Истото решение беше прифатено од страна на Европската комисија како преодно решение. Причините поради кои бара АД МЕПСО да се радвојат лиценците потекнуваат од организациони причини на самото правно лице.

Барањето надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија да биде дел од надоместокот за пренос на електрична енергија поради тоа што системот на Република Македонија е мал и непотребно се оптоварува со нови структури не се прифаќа поради тоа што Законот за енергетика предвидува едно правно лице да врши повеќе регулирани енергетски дејности но должно е да води сметководствена евиденција за секоја регулирана енергетска дејност одделно. Што се однесува до воведување на надоместок за користење на пазарот на електрична енергија истото се прави со цел да нема прелевање на финансиските средства од една во друга регулирана дејност и при тоа секој посебно да знае за која дејност колку плаќа. Вообичаено е за помалите системи и пазарите кои не се доволно развиени опертаорите на електропреносните системи да бидат и опертаори на пазарот на електрична енергија.

Предлогот процесот на либерализација да оди по напонско ниво е неприфатлив затоа што законодавството на Европската унија предвидува либерализацијата да оди по категории потрошувачи односно потрошувачи кои не се домаќинства и потрошувачи кои се домаќинства.

Во однос да се даде обврска на производителот кој има обврска за обезбедување на јавна услуга да ги обезбеди целокупните ќе обезбедува системски услуги, оперативна резерва и енергија за урамнотежување за потребите на операторот на електропреносниот систем, потребно е да се направат дополнителни консултации и анализи со АД ЕЛЕМ.

Барањето за утврдување на тригодишен енергетски биланс наместо петгодишен не се прифаќа затоа што Владата како политика во насока на сигурност во снабдувањето уредила период од пет години а и енергетскиот биланс е индикативен плански документ и не предизвикува обврски за учесниците на пазарот на електрична енергија.

***15. АД ГА-МА Скопје***

**Мислење:** АД ГА-Ма смета дека со член 2 од предлог законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика се загрозуваат и ограничуваат законските обврски на АД ГА-МА, како одржување, надградување и проширување на преносниот систем, безбедна, сигурна и квалитетна испорака, обезбедување на развој и одржување и друго.

***Образложение:*** Предлогот не се прифаќа од следните причини, и тоа: Со предлог Законот за изменување и дополнување на Зкаонот за енергетика се врши усогласување со Законот за концесии и јавно приватно партнерство и тоа во делот на изградба на системи за дистрибуција на пророден гас и системи за дистрибуција на топлинска енергија.

***16. Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје***

**Мислење:** Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје предлага опертаорот на системот за топлинска енергија да ја откупува топлинската енергија од производители на топлинска енергија доколку центата по основ на горивото е пониска од соодветната цена произведен во котли за гас кај регулираниот производител. Барање мерните уреди да бидат во сопственост на потрошувачите наместо на опертаорот на дистрибутивниот систем

**Образложение:** Предлогот не се прифача од следните причини и тоа: Овој предлог не се прифаќа поради тоа што се прави дискриминација помеѓу производителите а битно е вкупните трошоци да бидат помали од трошоците на регулираниот производител на топлинска енергија. Не се прифаќа поради тоа што принципиелно е уредено мерните уреди да бидат во сопственост на опертаорите на дистрибутивните системи за различни видови на енергија и енергенси за пристап до истите, замена на истите, точно отчитување на мерните уреди и друго.

***17. Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија***

**Мислење:** Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија по однос на предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика во членот 6 се бара извештајот за квалитетот на течните горива да биде врз основа на извештај од испитувањата на течните горива извршен во акредитирана лабараторија.

**Образоложение:** Предлогот не се прифаќа од следниве причини: Предлогот е во насока на решението во предлог законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика и се разликува во искажувањето.

Регулаторната комисија за енергетика го искористи и законското право согласно Законот за енергетика според кое има надлежност да покренува иницијативи и предлага донесување на нови и изменување на постојните закони и други прописи од областа на енергетиката.

Врс онова на анализата од страна на Министерството за економија дел од забелешките се земени во предвид а за дел има објаснување зошто не се земени во предвид, и тоа:

1. Во однос на предлогот за воведување на нови дејности поврзани со компримиран природен гас и соодветно уредување на истите почнувајќи од

дефинициите, за кои немате конкретни предлози, Ве известуваме дека Министерството за економија за оваа проблематика се обрати во Секретиаријатот на енергетската заедница и при тоа ги доби следните информации: Директивата за внатрешен пазар на прриоден гас 2003/55/ЕС се фокусира на инфраструктура, односно пристап на инфраструктурата како природен монопол, и согласно на ова потребни се посебни независни оператори, како и регулирани тарифи и дефинирани правила. Компримираниот природен гас (CNG) се разгледува во однос на оваа утврдена рамка. Компримираниот гас согласно информациите на Секретаријатот нема посебен третман во законодавството на земјите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница и во земјите членки на Европската унија согласно изворите на GIE, ENTSOG, DG ENER, EUROGAS и други. Единствено Молдавија од земјите потписнички на Догооворт за основање на енергетската заедница го има регулирано компримираниот гас меѓутоа на потрошувачката страна каде што компаниите купуваат природен гас од снабдувачи а потоа го компримираат и го продаваат како гориво за транспорт на бензиски станици. Компримираниот гас претставува едноставно нормален природен гас кој е под висок притисок (над 200 бари) потоа се пренесува во преносниот систем (вообичаено 35, 50 и 70 бари) што практично значи исти количини на гас во помал волумен но со поголем притисок. Компримираниот природен гас вообичаено се користи како гориво во транспортот за што се користи сличен тип на опрема како за бензин или дизел (односно нема цевки, камиони за пренесување, бензински пумпи со складови, резервоари во коли). Течниот природен гас (LNG) исто така е нормален природен гас но на многу ниска температура со која се трансформира гасот во течност и се овозможува транспорт на поголеми растојанија. Од тука произлегува дека ова важи за сите предлози кои се однесуваат на компримираниот гас. LNG и CNG не се различни продукти и секогаш е во прашање природен гас во различна физичка состојба која се воведува да се овозможни поедноставен транспорт на подолги растојанија каде што транспортот низ цевководи е економски неисплатлив или нема цевководи низ кои може да се врши транспорт. Компримираниот гас во моментот кога се вметнува во дистрибутивната и/или преносната мрежа влегува во опфатот на легислативата за природен гас и во тој момент се применуваат сите првила (работа на мрежите, пристап до мрежите, тарифи, снабдување) директно за компримираниот гас кој во моментот на влез во цевките станува природен гас со соодветен притисок и нема потреба од посебни правила. Меѓутоа, треба да се применуваат сите технички правила и стандарди за безбедност кои се однесуваат на природен гас и висок притисок и тоа за камионите, складовите, за декомпресија и др. Доколку се смета за дистрибуција на декомпримиран гас како последователна активност тогаш треба дистрибуцијата да биде организирана како во Законот за енергетика. Врз основа на гореизнесеното образложение ве известуваме дека предлозите кои се однесуваат на CNG нема потреба да бидат вградени во измените на законот.

2. Предлогот да се воведе дефиниција за нафтени деривати се прифаќа и истото ќе биде уредено со овој предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

3. Барањето во членот 4 ставот (1) во точката 22) да се додатдат зборовите на големо се прифаќа и истото ќе биде воведено во предлог законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.
4. Во однос на воведување на нови дејности снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи укажуваме дека согласно концептот на Законот за енергетика вршењето на овие дејности е од преоден карактер и истите се регулирани во делот на Примена на поглавјето за пазар на електрична енергија, односно во делот на Примена на поглавјето за пазар на приоден гас. Истото важаи за сите измени кои се однесуваат на овие дејности.
5. Во однос на воведување на нов став (3-а) по ставот (3) од членот 5 не се прифаќа со оглед дека при издавање на лиценцата за вршење на соодветната дејност од страна на правен субјект потребно е истиот да докаже дека е способен да ја врши дејноста и истот да се процени од страна на Регулаторната комисија за енергетика како единсветна институција согласно закон која издава лиценци за вршење на енергетски дејности.
6. Предлогот ставот (3) од членот 7 да се брише не се прифача од причина што овој став е во согласност со член 4. Monitoring of security of supply од Директивата 2003/54/ЕС која се однесува на заедничките правила за внатрешен пазра на електрична енергија.
7. Предлогот да се измени ставот (5) од членот 8 не се прифаќа од причина што заради обезбедување на обврската за јавна услуга од страна на снабдувачот во краен случај, односно обезбедување на сигурсно снабдување со електрична енергија, подобро е поради долгогодишното искуство оваа функција да продолжат да ја извршуваат постојните снабдувачи на тарифни потрошувачи. Со оглед на решенијата во Законот за енергетика ќе постои одреден период во кој ќе постојат и снабдувачите на тарифни потрошувачи и снабдувачите во краен случај чии дејности се регулирани енергетски дејности и при тоа треба да се применат одредбите од членот 5 додека за истото мониторинг согласно член 23 од Законот за енергетика врши Регулаторната комисија за енергетика.
8. Одредбите со кои се предлага да се даде надлежност на Регулаторната комисија за енергетика во донесување на методологиите за определеување на надоместокот за приклучување на соодветните системи и истото да не биде обврска на соодветните опертори да ги предлгаат, Министерството за економија смета дека предлогот би требало да биде конзистентен и да се однесува на сите системи а на само на електродистрибутивните системи. Концептот на Законот за енергетика е опертаорите да имаат рамноправен третман и од тие причини нема да биде земен во предвид при изработка на овој предлог за изменување и дополнување на законот за енергетика.
9. Во однос на правното раздвојување на операторот на електродистрибутивниот систем од конкурентните дејности Министерството за економија смета дека согласно постојниот концепт на законот може и сега да се пристапи кон правното раздвојување на операторот на електродистрибутивниот систем имајќи го во предвид членот 4 од Законот за енергетика  и објаснувањето од точка 9 погоре. За појасно и еднозначно прикажување на работите

Министерството за економија овој предлог ќе го доуреди во делот XVII. 1. “Примена на поглавјето за пазар на електрична енергија“.

10. Се прифаќа иницијативата да се направи доуредување во членот 37 ставот (1) точката 1) во насока дека за пренесување на енергијата не се користи соодветниот енергетски систем кој е управуван од носител на лиценца за пренос или дистрибуција на соодветниот вид на енергија.
11. Предлогот за изменување на ставот (3) од членот 37 не се прифаќа од причина што во постојната одредба се наведени случаи кои понатаму и даваат право на Регулаторната комисија за енергетика да ги доработи во подзаконскиот акт со кој се регулара постапката поврзана со лиценците.
12. Предлогот за изменување на ставот (4) од членот 37 не се прифаќа со оглед дека Регулаторната комисија за енергетика треба да има информации за престанок на правното лице на кое му е издадена лиценца и потоа ќе спроведе соодветна постапка.
13. Предлозите за дополнување на членот 38 со нова точка 3) на ставот (2) се прифаќа и истото ќе биде уредено. Измените на ставот (3) не се прифаќаат поради тоа што во точката 2) од ставот (2) станува збор за промена на сопственик што се решава со договор за купопродажба а не со договор за уредување на меѓусебните односи.
14. Во врска со предлогот за усогласување на членот 103 со Правилникот за минимално технички услови укажуваме дека основен правен принцип кој произлегува од правилото за хиерархија на правните акти е подзаконските акти да се усогласуваат со законските решенија.
15. Предлозите за изменување на ставот (2) од членот 109 не се прифаќаат поради тоа што со истиот се утврдуваат елементите врз основа на кои ќе се врши пресметка, кои детално ќе бидат разработени во прописот од член 24 став (3) од Законот за енергетика.
16. Измените во членот 116 во овој момент не се прифаќаат од причина што за ваквиот предлог нема образложение како е дојдено до бројот 30% и кои се придобивките, односно последици, од истото.
17. Предлогот за уредување на нов член 120-а не се прифаќа поради тоа што истото треба да се регулира во Законот за домување а потоа да се дорегулира со Правилата за снабдување со топлинска енергија.
18. Во членот 127 со кој предлагате жалбата да се доставува до Регулаторната комисија за енергетика преку операторот на соодветниот систем не се прифаќа од причина што согласно член 23 точка 5. од Директивата 2003/54/ЕС која се однесува на заедничките правила за внатрешен пазар на електрична енергија е наведено дека незадоволната странка може да поднесе жалба директно во Регулаторната комисија за енергетика. Истото е овозможено и согласно Законот за општа управна постапка.
19. Предлогот за изменување на член 179 став (1) точка 3) се прифаќа.
20. Предлозите за изменување на член 181 се прифаќаат.
21. Предлогот за изменување на член 188 се прифаќаат.
22. Предлозите за изменување во член 201 не се прифаќаат од причина што рокот октомври 2011 е веќе изминат и од правен аспект неможе да се прават

изменувања односно во овој случај пролонгирање на рок кој претходно е изминат.

23. Предлозите за изменување на член 203 не се прифаќаат од причина што не се совпаѓа со концептот на постојниот Закон за енергетика. Дополнително на ова е и фактот што во членот 193 се уредени рокови во кои треба да се донесат подзаконските акти од членот 203 став (1) по кој постојните тарифни потрошувачи ќе можат да го искористат правото да бидат квалификувани потрошувачи.

***18. Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања***

**Мислење**: Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања предлага да не се брише точка 4 во ставот 5 од членот 135 од Законот за енергетика, според кој е даден основ во Правилникот за енергетска контрола да се пропишат основните елементи за формирање на износот на надоместокот за вршење на енергетска контрола.

**Образложение:** Предлогот е веќе опфатен во рамките на предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Имено, со Законот ќе се овозможи пропишување на максималната висина на надоместокот што трговец поединец или правно лице го наплаќа за извршена енергетска контрола. Максималната висина на надоместокот ќе се утврди со тарифник што ќе го донесе Агенцијата за енергетика, а ќе го одобри Владата на Република Македонија. При утврдувањето на максималната висина на надоместокот ќе се земаат во предвид следните елементи: површина на зграда, старост на зграда, број и сложеност на посебни и придружни делови од згради, сложеност на техничко-технолошките постројки и индустриските процеси и други елементи, во зависност од предметот на енергетската контрола.

***19. Центар за Енергетска Ефикасност на Македонија (МАЦЕФ)***

**Мислење**: Предложено е во Законот за енергетика да се определат две категории на енергетски контролори, и тоа: енергетски контролори за згради и енергетски контролори за индустрија и процеси. Од страна на МАЦЕФ е предложено да се овластат сите оние физички лица кои посетувале обука и положиле испит во изминатиот период, односно пред влегување во сила на Правилникот за енергетска контрола.

**Образложение:** Првата забелешка не се прифаќа од следниве причин: Разгледано е регионалното искуство според кое главен акцент се става на енергетската контрола на згради и градежни единици, како и придружни и помошни простории и постројки во истите, вклучително и системите за греење и климатизација. Тоа значи дека постројките, односно процесите разгледувани во рамките на зградите како целина ќе бидат опфатени со енергетските контроли. Дополнително, согласно Директивата на ЕУ 2006/32/ЕК, енергетските контроли се однесуваат на сите крајни потрошувачи, вклучително и на мали и средни претпријатија, но акцентот не е акцентот ставен на нив. По втората забелешка е постапено. Оценето е дека во Република Македонија постојат и работат физички лица кои поседуваат стручно знаење за спроведување на енергетски контроли. За таа цел, предлогот од страна на МАЦЕФ е прифатен, но само

за таквите лица кои ќе исполнуваат определени услови кои се предлагаат со Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

**20. Царинска управа**
**Мислење**: Се предлага при увозот на нафтени деривати за сопствени потреби покрај изјавата за сопствени потреби Министерството за економија претходно да дава одобрување на увоз на потрошувачите кои нафтените деривати ги користат за сопствени потреби со евидентирање од страна на Министерството за економија. Исто така се предлага да с едопрецизира дека изјвата за сообразност се издава врз основа на извештај од испитувањата на телните горива извршени во акредитирана лабараторија.
***Образложение:*** Првиот предлог не се прифаќа од причина што изјавата за увоз за сопствени потреби е дкумент кој согласно законот им овозможува увоз на нафтени деривати на потрошувачите за сопствени потреби исто како што лиценцата за трговија им овозможува увоз на нафтени деривати на трговците на големо. Нафтеите деривати кои се увезуваат за сопствени потреби треба да имаат исти третман како и другите увезени нафтени деривати, бидејќи и тие се користат во Република Македонија. Со актот со кој ќе се пропише формата и содржината на изјавата ќе се пропишат и документите кои ќе треба да бидат приложени кон таа изјава ад аспект на квалитетот на нафтените деривати, големината на резервоарскиот простор намената на дериватите и др. Од овие причини оценка е дека нема потреба од претходно одобрување од Министерството за економија на увозот на нафтени деривати за сопствени потреби. Вториот предлог се прифаќа и постапено е по истиот.

**21. Секретаријат за законодавство**
**Мислење**: Со предметното мислења се бара аа се дстави коресподентна табела и изјава за усогласенот на овој предлог закон со законодавтсвото на Европската унија. Се даваат и следните забелешки, и тоа:
1. Во членот 62 да се брише реченицата која се донесува на содржината на одлуката за отпочнување на постапката за доделување на ЈПП, земајќи предвид дека истат е описшана со Законот з аконцесии и ЈПП.
2. Во член 134-а се бара да се прецизира лицето кое располага со климатолошките податоци, и воедно да се дефинираат другите услови кои се однесуваат на информацисикиот систем.
3. Став 9 од член 136 да се дислоцира во главата НАДЗОР.
4. Во член 137 да се брише обврската енергетскиот контролор да оставува одредени документи до Министерството
5. Износот на висината на надомесокот за издавање на лиценца за вршење енергетска контрола да не с епрецизира, туку за истат да с епредвидат критериуми врз основа на што ќе се уттврди висината. Воедно да с епреоцени дали лиценцата че се одземе ако му е одземна лиценцата за вршење на енерегтска контрола доколку на енергетски контролор му е одземена лиценцата, земјачи во предвид дека може компанијата која ја има лиценцатада вработи ново лице –енергетски контролор.
6.Во член 165 да се доуредат условите кои треба да ги исполнат телата за оцена на сообразност.
7. Да се прдвиди преоден период за оние постапки кои се отпочнати за добивање на овалстување односно лиценца за вршење енергетска контрола.

8. По однос на прекршоци да се земе во предвид мислењето од Министерство во правда.

***Образложение:*** Во врска со забелешката за кореспондентните табели не е постапено согласно следните причини, и тоа: Предлог Законот не се усогласува со законодавство на ЕУ и поради тоа не се изготвени кореспондентни табели .Во постпаката за донесување на Законот за енергетика изготвени се кореспонденстни табели и Изјава за усогласенсот. Со овие предлог измени се прави допрецизирање на одделни одредби со цел поуспешна имплементација на истиот.

По забелешките под број 1, 2 и 3 е постапено и истоте соодветнос е вградени во предлог текстот.

По забелешката број 4, не е постапено бидејќи во предметниот член е утврдено дека Агенцијата за енергетика со решение го одзема овластувањето за енергетски контролор, ако: енергетскиот контролор не ја врши енергетската контрола независно, самостојно и објективно, односно во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, на енергетскиот контролор му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење професија, ако делумно ја изгуби деловната способност, и не посетува утврден број на обуки согласно програмата за усовршување на енергетски контролори. Со цел да може да се следи состаојбата и исполнетоста на условите, Овластениот енергетскиот контролор е должен најдоцна до 31 декември во тековната година да достави доказ од надлежен орган дека не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење професија, доказ дека нема изгубена деловна способност и доказ дека посетувал утврден број на обуки согласно програмата за усовршување на енергетски контролори.

Во врска со забелешката под број 5не е прифатена од причина што надоместокот за издавање на лиценца за вршење на енергетскиот контролор, есе утврдува со овој Закон како надомест, како што е случај и во други законски решенија, (како на пример Закон за угостителски дејнсоти, Закон за градење и сл). Во врска со вториот дела од оваа забелешка е постапено.

Во врска со забелешката под број 6 е постапено и е дадена формулација во согласност со Законот за безбедност на производи.

Во врска со забелешката под број 7 укажуваме дека нема отпочнати постапки за добивање на овластување односно лиценца за енергетска контрола

Во вскракс о забелешката под реден број 8 укажуваме дека е добиено мислење од Министерството за правда и е постапено по истото.

На ЕНЕР во делот на коментари по предлог Законот нема доставено коментари. Врз основа на доставените мислења и Извештајот за спроведена консултација, Министерството за економија, новиот Предлог текст на Законот за енергетика, РИА Образецот и Извештакјот за спроведена консултација повторно ги објави на ЕНЕР.